РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1821/4
08-07-2024

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за лобирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021), член 22 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по Пријавата за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање бр. 09-1821/1 од 20.06.2024 година на Друштвото за услуги ПРИМА ИНКАСО ДООЕЛ Штип, на 7 седница одржана на 08.07.2024 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Пријавата за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање бр. 09-1821/1 од 20.06.2024 на Друштвото за услуги ПРИМА ИНКАСО ДООЕЛ Штип **СЕ УВАЖУВА.**

Во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање се запишуваат:

- ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈА:
  Друштво за услуги ПРИМА ИНКАСО ДООЕЛ Штип, ЕМБС 6149898
  ул. „Пиринска" бр.58, Штип, е-пошта: ______________________________

- ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЛОБИ ОРГАНИЗАЦИЈАТА:

1. Стефанија Монева, ___________________, ________________, Штип
2. Кирчо Монев , ________________, _____________, Штип

Лоби организацијата за регистрира за вршење лобирање во следните области:

- ЕКОНОМИЈА
- ЕНЕРГЕТИКА
- ПРАВНИ И КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ.

Запишувањето на лоби организацијата и нејзините претставници во Регистарот да се изврши на денот на донесување на ова решение.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

До Државната комисија за спречување на корупцијата преку електронската платформа https://lobisti.dksk.mk, доставена е Пријава за запишување во Регистарот на лобисти, лоби

организации и лобирање бр. 09-1821/1 од 20.06.2024 година на Друштвото за услуги ПРИМА ИНКАСО ДООЕЛ Штип.

Согласно член 10 став (1) од Законот за лобирање, Државната комисија ја провери потполноста на пријавата и утврди дека пријавата не ги содржи сите потребни податоци и прилози, поради што согласно член 11 став (1) од истиот закон, до подносителот на пријавата достави Барање за дополнување на документација бр. 09-1821/2 од 20.06.2024 година.

Од страна на подносителот на пријавата на ден 28.06.2024 година документацијата е доставена и дополнета на бараниот начин и истата содржи:
- Пријава – пополнета и потпишана од управителот на правното лице, Кирчо Монев;
- Тековна состојба од Централниот регистар за правното лице Друштво за услуги ПРИМА ИНКАСО ДООЕЛ Штип, издадена електронски на ден 29.05.2024 година;
- фотокопија од лична карта на Стефанија Монева;
- фотокопија од пасош на Кирчо Монев;
- потпишани поединечни изјави од Стефанија Монева и Кирчо Монев, како лица кои се пријавуваат за претставници на лоби организацијата, а со кои изјави потврдуваат непостоење на ограничувањата за вршење на лобирање.

По извршена повторна проверка на потполноста на пријавата и проверка на исполнетоста на условите од членовите 6 и 7 од Законот за лобирање, а со оглед на тоа што на подносителот не му е суспендирано правото на повторно запишување во Регистарот (подносителот се запишува за прв пат во Регистарот), Државната комисија утврди дека се исполнети сите законски услови за запишување на правното лице Друштво за услуги ПРИМА ИНКАСО ДООЕЛ Штип како лоби организација во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Заменик претседател,**

**Зоран Богоевски**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изготвил: И.Б., држ.советник
Одобрил: С.Д., член

Да се достави до:
- подносителот